# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Понеделник 03 Септември 2018 година Број 13/2018 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
| --- | --- | --- |


За закажувањето на XVIII-та ИТНА седница за ден 01.09.2018 година (сабота) го давам следното

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ИТНОСТ**

Закажувањето и итноста на седницата е поради донесување на следново:

- Заклучок за решавање на проблемот со просторно сместување на учениците од ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш;
- Одлуки за паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш пред почетокот на учебната година;
- Одлука за одобрување финансиски средства на ЈП „Плаваја„ Радовиш за набавка на возило за метење на улици;
- Одлука за одобрување финансиски средства на ЈП „Плаваја„ Радовиш за набавка на возило за метење на улици;

Донесувањето на овие одлуки сметам дека се од итен карактер и во интерес на граѓаните од општината.

Бр. 08-1399/2 Совет на општина Радовиш
01 Септември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 и 55 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлука за прогласување итност на 18-та седница на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 18-та седница на Советот на општина Радовиш, број 08 -1399/3, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 01.09.2018 год.

Бр. 09-1399/4 Градоначалник на
03 Септември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2002) и член 55 од Деловникот за работа Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 01.09.2018 година, донесе

О Д Л У К А
За прогласување итност на 18-та седница на Советот на општина Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 18-та седница на Советот на општина Радовиш одржана на 01.09.2018 година поради донесување на повеќе одлуки од итен карактер од суштинско значење за граѓаните на општина Радовиш.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1399/3 Совет на општина Радовиш
01 Септември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за определување финансиски средства на ЈП „Плаваја„ Радовиш за набавка на возило за обавување на дејноста -метење улици во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за определување финансиски средства на ЈП „Плаваја„ Радовиш за набавка на возило за обавување на дејноста-метење улици во општина Радовиш, бр. 08-1413/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 01.09.2018 год.

Бр. 09-1413/2 Градоначалник на
03 Септември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 21 т.43 од Статутот на општина Радовиш Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 01.09.2018 год., донесе

О Д Л У К А
За определување финансиски средства на ЈП „Плаваја„ Радовиш за набавка на возило за обавување на дејноста метење на улици во општина Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се предвидуваат финансиски средства од Буџетот на општина Радовиш во висина од -2.300.000,оо денари за набавка на возило на ЈП „Плаваја„ Радовиш со кое ќе ја обавуваат комуналната дејност-метење на улици во општина Радовиш со која набавка ќе се придонесе за поквалитетно обавување на комуналната дејност во општина Радовиш.

Постапката за јавната набавка ќе ја спроведе ЈП„Плаваја„ Радовиш.

Член 2

Средствата одобрени на ЈП „Плаваја„ Радовиш од став 1 на оваа Одлука ќе бидат исплатени на добавувачот од страна на финансиската служба на општината по добивање на возилата.

Помеѓу учесниците во платниот промет ќе се склучи договор за асигнација.

За искористените средства ЈП „Плаваја„ Радовиш се задолжува да достави извештај со документација во копија.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1413/1 Совет на општина Радовиш
01 Септември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ "Крсте П. Мисирков" Радовиш за учебната 2018/2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката давање согласност за формирање на паралелки со помал број на учениции комбинирани паралелки во ООУ "Крсте П. Мисирков" Радовиш за учебната 2018/2019 година, бр. 08-1414/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 01.09.2018 год.

Бр. 09-1414/2 Градоначалник на
03 Септември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, член 15 точка 8 од Статутот на општина Радовиш, а согласно член 41 ст.5 од Законот за основното образование (Сл. весник на РМ бр. 103/2008; 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013; 41/2014; 116/2014; 135/14, 10/2015 и 64/2018), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 01.09.2018 година, донесе

## ОДЛУКА

за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ "Крсте П. Мисирков" Радовиш за учебната 2018/2019 година

Член 1

Се дава Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш, за учебната 2018/2019 година и тоа:

**Радовиш**

- I-1 одделение со 19 ученика македонски јазик
- I-2 одделение со 18 ученика - „ -
- I-3 одделение со 21 ученика - „ -
- I-4 одделение со 15 ученика - „ -
- I-5 одделение со 23 ученика турски јазик
- II-1 одделение со 23 ученика македонски јазик
- II-2 одделение со 22 ученика - „ -
- II-3 одделение со 17 ученика - „ -
- II-5 одделение со 25 ученика турски јазик
- II-6 одделение со 23 ученика турски јазик
- III-1 одделение со 21 ученика македонски ј.
- III-2 одделение со 18 ученика македонски ј.
- III-3 одделение со 22 ученика македонски ј.
- III-4 одделение со 23 ученика турски ј.
- III-5 одделение со 26 ученика турски ј.
- IV-3 одделение со 24 ученика македонски ј.
- V-1 одделение со 20 ученика македонски ј.
- V-3 одделение со 20 ученика македонски ј.
- V-4 одделение со 21 ученика турнски ј.
- V-5 одделение со 14 ученика македонски ј.
- VI-1 одделение со 15 ученика македонски ј.
- VI-2 одделение со 15 ученика - „ -
- VI-3 одделение со 16 ученика - „ -
- VI-4 одделение со 16 ученика македонски ј.
- VI-5 одделение со 17 ученика турски ј.
- VI-6 одделение со 18 ученика турски ј.
- VI-7 одделение со 15 ученика турски ј.
- VII-1 одделение со 24 ученика македонски јазик
- VII-2 одделение со 15 ученика - „ -
- VII-3 одделение со 19 ученика - „ -
- VII-4 одделение со 20 ученика македонски ј.
- VII-5 одделение со 25 ученика турски ј.
- VII-6 одделение со 15 ученика - „ -
- VIII-1 одделение со 21 ученика македонски јазик
- VIII-2 одделение со 21 ученика - „ -
- VIII-3 одделение со 21 ученика - „ -
- VIII-5 одделение со 13 ученика турски јазик
- VIII-6 одделение со 14 ученика - „ -
- VIII-7 одделение со 17 ученика - „ -
- IX-1 одделение со 11 ученика македонски јазик
- IX-2 одделение со 15 ученика - „ -

- IX-3 одделение со 14 ученика - „ -
- IX-4 одделение со 25 ученика - „ -
- IX-5 одделение со 17 ученика турски јазик
- IX-6 одделение со 15 ученика - „ -
- IX-7 одделение со 15 ученика - „ -

**П.У. во с. Коџалија**

- I одделение со 22 ученика турски јазик
- II-III одделение со 26 ученика комбинирана турски јазик
- III одделение со 30 ученика турски јазик
-IV одделение со 17 ученика - „ -
- V одделение со 17 ученика - „ -

**П.У. во с. Калаузлија**

- I-II-III одделение со 22 ученика комбинирана турски јазик
- IV- V одделение со 8 ученика комбинирана турски јазик

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1414/1 Совет на општина Радовиш
01 Септември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за определување финансиски средства за плаќање на потрошена електрична енергија на Пречистителната станица во Радовиш за месец февруар, март и април 2018 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за определување финансиски средства за плаќање потрошена електрична енергија на Пречистителната станица во Радовиш за месец февруар, март и април 2018 година, бр. 08-1415/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 01.09.2018 год.

Бр. 09-1415/2 Градоначалник на
03 Септември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 21 т.43 од Статутот на општина Радовиш Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 01.09.2018 год., донесе

О Д Л У К А
за определување финансиски средства за плаќање на потрошена електрична енергија на Пречистителната станица во Радовиш за месец февруар, март и април 2018 година

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства од Буџетот на општина Радовиш во висина од -673.578,оо денари за плаќање на потрошена електрична енергија на Пречистителната станица во Радовиш за месец февруар, март и април 2018 година.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1415/1 Совет на општина Радовиш
01 Септември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за решавање на проблемот со просторно сместување на учениците од ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш со уписот на ученици во прво одделение во учебната 2018/2019 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за решавање на проблемот со просторно сместување на учениците од ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш, со уписот на ученици во прво одделение во учебната 2018/2019 година, бр. 08-1416/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 01.09.2018 год.

Бр. 09-1416/2 Градоначалник на
03 Септември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на 15 точка 8 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на ИТНА седница одржана на 01.09.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За решавање на проблемот со просторното сместување на учениците во ООУ ,,Крсте Петков Мисирков,, Радовиш со уписот на ученици во прво одделение во учебната 2018/2019 година

1. Се задолжуваат директорот и другите органи во ООУ ,,Крсте Петков Мисирков,, Радовиш да продолжат со запишување на ученици од турска националност во прво одделение.
2. Согласно сегашните просторни можности доколку со уписот се исполни паралелка од 34 ученици на турски наставен јазик, согласно Законот за основното образование, ако во

училиштето и понатаму доаѓаат родители со цел да ги запишат своите деца во прво одделение во ООУ „Крсте Петков Мисирков„ , Комисијата за прием на првачиња од ООУ „Крсте Петков Мисирков„ да им дадат интерен Анкетен лист на родителите со кој тие ќе се изјаснат дали сакаат своите деца да ги запишат во ООУ „Крсте Петков Мисирков„ , или во ООУ „Никола Карев„ , имајќи го во предвид немањето на просторни капацитети во ООУ Крсте П. Мисирков за формирање на уште една паралелка во условите со кои моментално располага;

Анкетните листови доколку покажат дека родителите сакаат своите деца да ги запишат во ООУ „Крсте П. Мисирков„ , училиштето се обврзува уште еден кабинет да адаптира во училница за редовна настава.

3. Педагошките служби на двете училишта заеднчки да ја спроведуваат анкетата, а при разгледувањето на анкетните листови присутен да биде и претседателот на Комисијата за образование, спорт и култура во Советот на општина Радовиш.

4. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1416/1 Совет на општина Радовиш
01 Септември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-1417 /1, што Советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 03.09.2018 година

Бр. 09-1417/2 Градоначалник на
03 Септември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 01.09.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештаите на Работните тела на на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на **01.09.2018** година и тоа:

-Комисија за образование, спорт и култура, 10-та седница одржана на 30.08.2018 година;

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1417/1 Совет на општина Радовиш
01 Септември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

СОДРЖИНА:

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ИТНОСТ ----------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 18-та седница на Советот на општина Радовиш ------------------------------------------ 1
ОДЛУКА За прогласување итност на 18-та седница на Советот на општина Радовиш -------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за определување финансиски средства на ЈП „Плаваја„ Радовиш за набавка на возило за обавување на дејноста -метење улици во општина Радовиш ------------------------------------------------------- 1
ОДЛУКА За определување финансиски средства на ЈП „Плаваја„ Радовиш за набавка на возило за обавување на дејноста метење на улици во општина Радовиш -------------------------------------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ "Крсте П. Мисирков" Радовиш за учебната 2018/2019 година ----------------------------------- 2
ОДЛУКА за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ "Крсте П. Мисирков" Радовиш за учебната 2018/2019 година ----------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за определување финансиски средства за плаќање на потрошена електрична енергија на Пречистителната станица во Радовиш за месец февруар, март и април 2018 година ------------------- 3
ОДЛУКА за определување финансиски средства за плаќање на потрошена електрична енергија на Пречистителната станица во Радовиш за месец февруар, март и април 2018 година ------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за решавање на проблемот со просторно сместување на учениците од ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш со уписот на ученици во прво одделение во учебната 2018/2019 година ---------------- 3
Заклучокот за решавање на проблемот со просторно сместување на учениците од ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш со уписот на ученици во прво одделение во учебната 2018/2019 година ---------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш 4
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на на Советот на општина Радовиш 4